Деловоден број: 0307/10-10/20
Датум: 15.10.2020 година

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## ЗА ИЗРАБОТКА НА
## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
## НА К.П. БР. 1283/2, 1283/3, 1282, 357/4, 357/5 И 357/1 ДЕЛ
## К.О. СИРИЧИНО
## ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

**ОКТОМВРИ 2020**

**"УРБАНПЛАН" ДОО Тетово**
**Трговско друштво за просторни и урбанистички планови, проектирање и инженеринг и др.**

| | |
|---|---|
| Предмет: | **ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА НА К.П. БР. 1283/2, 1283/3, 1282, 357/4, 357/5 И 357/1 ДЕЛ К.О. СИРИЧИНО, ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ** |
| Нарачатели: | **МЕТОДИ МАНЧЕВ И РАТКА МАНЧЕВА** |
| Изработувач: | **ТДПУППИ "УРБАНПЛАН" ДОО Тетово** |
| Дата: | **Октомври 2020 година** |

Тетово,
Октомври 2020

Управител:
диа Мирослав Илиевски

**СОДРЖИНА**


1. ВОВЕД
2. ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ
3. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ
4. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА
5. ОПШТО

## 1. ВОВЕД

На барање на нарачателот, а согласно член 58 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/2020) и член 56 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020) се изработува Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на К.П. бр. 1283/2, 1283/3, 1282, 357/4, 357/5 и 357/1 дел, К.О. Сиричино, општина Јегуновце.

Согласно член 56 став (1) од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020), Урбанистички проект за село се изработува заради разработување на земјиштето каде што со урбанистички план за село односно општ акт за село кој се применува, не се формирани градежни парцели, а катастарските парцели ги задоволуваат условите за формирање на градежна парцела пропишани во правилникот.

Согласно член 60 точка 1 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020) се изработува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на К.П. бр. 1283/2, 1283/3, 1282, 357/4, 357/5 и 357/1 дел, К.О. Сиричино, општина Јегуновце.

## 2. ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат со својата местоположба е во атар на село Сиричино во место викано Горно Поле и Жеден, општина Јегуновце. Опфатот се наоѓа во југозападниот дел од населениот дел на село Сиричино покрај постоечки пристапен пат во непосредна близина на локалниот пат што води од село Сиричино кон село Желино кој се поврзува со магистралниот пат А2, граница со Бугарија (ГП Деве Баир) - Крива Паланка - Страцин - Романовце Куманово - Миладиновце - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија (ГП Ќафасан). Преку магистралниот пат градежната парцела се поврзува со останатиот дел од општината Јегуновце, градот Тетово и останатиот дел од Републиката како и пошироко од неа.

Планскиот опфат се наоѓа на надморска височина од 400 до 404 м.

Границата на проектниот опфат на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на К.П. бр. 1283/2, 1283/3, 1282, 357/4, 357/5 и 357/1 дел, К.О. Сиричино, општина Јегуновце, претставува затворен полигон која се движи по границата на горенаведените катастарски парцели во катастарска општина Сиричино, која може да се отчита од дигитализираната ажурирана геодетска подлога.

Површината на проектниот опфат на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела на К.П. бр. 1283/2, 1283/3, 1282, 357/4, 357/5 и 357/1 дел, К.О. Сиричино, општина Јегуновце изнесува 6561 м2.

## 3. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Со овој Урбанистички проект во рамките на проектниот опфат се предвидува површина за градење, односно градба согласно потребите на нарачателот и Извод од општ акт за населено место Сиричино усвоен со одлука бр. 08-614/6 од 29.05.2020 година од Советот на општина Јегуновце, а се во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020).

Системот на класи на намени, класа на намена, комплементарни, компатибилни и алтернативни намени дефинирани се со членовите 75, 76, 77, 78, 79, 80, 81, 82, 83 и 84 и Прилог за Класификација на видови на градби и намени од Правилникот за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020).

Во рамките на проектниот опфат се предвидува површина за градење, односно градба со класа на намена и тоа:

### А – ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ

### А1 – Домување во куќи

### А1.5 – Станбени куќи во состав на селски стопански двор

Урбанистичките проекти се планско - проектни документации кои структурно се состојат од плански и од проектен дел.

Планскиот дел од урбанистичкиот проект содржи: урбанистичко решение на опфатот, регулациско и нивелациско решение, површини за градење со градежни линии, максимална височина изразена во метри, внатрешни сообраќајници, рампи, стационарен сообраќај и водови на инфраструктурата и други детални плански одредби.

Проектниот дел на урбанистички проект ги содржи идејните проекти за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонската, градежната, електротехничката и машинската, во зависност од видот на предметните градби.

## 4. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

### Сообраќајна инфраструктура

Со овој Урбанистички проект приклучокот, односно сообраќајното поврзување на градежната парцела се предвидува да биде преку постоечкиот пристапен пат.

Сообраќајната инфраструктура во рамките на проектниот опфат треба да се води рационално со проектни елементи на уличната мрежа кои ќе овозможат непрекинато и безбедно функционирање на внатрешниот сообраќај.

Согласно член 138 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020),

Елементите на сообраќајот во рамките на градежната парцела се определуваат во урбанистички проект и во друга проектна документација во процесот на спроведување на урбанистичкиот план, согласно намената на градбите.

Категоризацијата и димензионирањето на сообраќајната инфраструктура се предвидува согласно членовите 139, 141, 142, 145, 154 и 155 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020).

**Комунална инфраструктура**

Водоснабдувањето во проектниот опфат ќе се одвива преку бунар.

Фекалиите во проектниот опфат ќе се одведуваат во септичка јама.

Атмосферските води во проектниот опфат ќе се слеваат слободно по површината на теренот, односно нема организирано прифаќање и одведување на атмосферските води.

Напојувањето со електрична енергија во проектниот опфат ќе се овозможи преку новопредвидена трафостаница која ќе се приклучи со поврзување до најблиската постојна трафостаница.
Во проектниот опфат потребно е да се предвиди и квалитетно и естетско јавно осветлување.

Сите инфраструктурни водови да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори.

Инфраструктурните градби треба да се вклопат во општиот амбиент.

Согласно член 112 од Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020),

Во процесот на изработување и спроведување на урбанистички план и урбанистички проект се почитуваат следните принципи на одведување на атмосферските односно површинските води од градежна парцела:

1. Во планот или проектот површинските води во градежната парцела мораат да се водат со риголи или со цевковод кон пристапната улица со наклон што не е помал од 1.5%.
2. Во планот или проектот треба да се планираат наклоните на земјиштето и внатрешните сообраќајници на тој начин што нема да ги водат или усмеруваат површинските води од една градежна парцела кон соседна градежна парцела.

## 5. ОПШТО

При изработката на Урбанистичкиот проект да се залазат одредбите зададени со Извод од општ акт за населено место Сиричино усвоен со одлука бр. 08-614/6 од 29.05.2020 година од Советот на општина Јегуновце, Закон за просторно и урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 32/2020), Правилник за урбанистичко планирање (службен весник на Р.С.М. бр. 225/2020) како и сите Податоци, информации и мислења од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности.

Полномошник за
Нарачатели
Киро Кромидаровски

Изработувач
ТДПУППИ "УРБАНПЛАН" ДОО Тетово
Управител, диа Мирослав Илиевски